**ЗАПИСНИК**
**од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 13.03.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ивона Муфишева, Горан Радуновиќ, м-р Владимир Ѓорѓиески, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.03.2023 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на локално ниво.
3. Предлог за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот КАБЕЛ-НЕТ од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.03.2023 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на локално ниво. Објасни дека радиодифузерот согласно издадената фактура од 5 јануари 2023 година требаше да уплати 6.844,00 денари за годишниот надоместок за дозволата за радио емитување. Но, по приемот на фактурата во предвидениот законски рок од 30 дена не изврши уплата. Од таа причина се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово. Објасни дека износот е премногу мал, но најверојатно радиодифузерот се соочува со одредени проблеми.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година, поради прекршување на членот 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21).

Согласно Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1090/1 од 10.03.2023 година радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозвола согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, бр.08-90 од 05.01.2015 година.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече навремено да се информира радиодифузерот за покренувањето на постапката и за крајниот рок до кога треба изврши уплата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци. Објасни дека за овој радиодифузер минатата седница беше започната постапка за одземање на дозволата бидејќи го немаше платено годишниот надоместок. Во меѓувреме, истиот ден додека траеше седницата извршил уплата. Но, бидејќи веќе беше започната постапката, сега се предлага согласно ЗААВМУ истата да се запре.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, бр.08-101 од 05.01.2015 година.

На 08.03.2023 година наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 14.116,00 (четиринаесет илјади и сто и шеснаесет) денари со што годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот КАБЕЛ-НЕТ од Струмица за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека при редовен надзор кај овој радиодифузер е утврдено дека тој реемитува еден странски програмски сервис кој не е опфатен со потврдата за регистрација издадена од Агенцијата. Од таа причина согласно Законот се предлага да му се изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и да му се наложи веднаш по приемот на Решението да престане да го реемитува програмски сервис кој не е регистриран.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1091/1 од 10.03.2023 година и едногласно заклучи на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Euronews Bugaria“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-1099/5**

**21.03.2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**